**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-716
03.04 **2015 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-2573/1 од 01.04.2015 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради тоа што емитуваното спонзорство не било во согласност со член 54 од истиот закон, од страна на Радиодифузното трговско друштво „РОС МЕТРОПОЛИС РАДИО" ДОО Скопје, Директорот на Агенцијата на ден 03.04.2015 година го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка - опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Радиодифузното трговско друштво „РОС МЕТРОПОЛИС РАДИО" ДОО Скопје, заради извршена повреда на член 54 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 101/14 и 132/14), а казнива по член 148 став 1 точка 8 и став 2 од истиот Закон, на начин што на радио програмскиот сервис на Радиодифузното трговско друштво „РОС МЕТРОПОЛИС РАДИО" ДОО Скопје, на 11 март 2015 година, биле емитувани спонзорирани спортски и бизнис вести.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-2573/1 од 01.04.2015 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Радиодифузното трговско друштво „РОС МЕТРОПОЛИС РАДИО" ДОО Скопје, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

презема мерки согласно со овој Закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи - Одделението за програмски и административен надзор, на 31 март 2015 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на радио програмскиот сервис на Радиодифузното трговско друштво „РОС МЕТРОПОЛИС РАДИО" ДОО Скопје, емитуван на 11 март 2015 година, при што констатирала прекршување на член 54 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а казниво по член 148 став 1 точка 8 и став 2 од истиот Закон, односно дека на 11 март 2015 година, било регистрирано спонзорство на спортски (Метро спорт) и на бизнис вести. Спонзорите биле јасно означени. Спонзор на спортски вести била „Цевитана", а на бизнис вестите „Капитол резиденс".

Повредата од точка 1 став 1 од ова Решение, спецификувана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-2573/1 од 01.04.2015 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-2573/1 од 01.04.2015 година, поради констатирано непочитување на одредба од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое кон Радиодифузното трговско друштво „РОС МЕТРОПОЛИС РАДИО" ДОО Скопје, се презема мерка – опомена и со кое на радиодифузерот му наложи, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-2573/1 од 01.04.2015 година.

**Доставено до:**
- Радиодифузното трговско друштво „РОС МЕТРОПОЛИС РАДИО" ДОО Скопје;
- Управителот на Радиодифузното трговско друштво „РОС МЕТРОПОЛИС РАДИО" ДОО Скопје;
- Одговорното лице на програмата во правното лице;
- Секторот за правни и економско-финансиски работи;
- Секторот за програмски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 01.04.2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2573 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** радио програмски сервис на Радиодифузно трговско друштво РОС МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 11 март 2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 31 март 2015 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Членовите 53, 54, 98, 99, 100, 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);

   - **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/15);

   - **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);

   - **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);

   - **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14);

   - **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа).

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз радио програмскиот сервис на Радиодифузното трговско друштво РОС МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, емитуван на 11 март 2015 година, **е констатирано прекршување на член 54 став 5 од Законот** за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (не е дозволено спонзорство на вести, актуелно-информативни програми и на верски програми).

Во анализираниот ден е регистрирано спонзорство на спортски (Метро спорт) и на бизнис вести. Спонзорите се јасно означени. Спонзор на спортските вести е „Цевитана", а на бизнис вестите „Капитол резиденс".

| **Наслов на емисија и опис** | **Период на емитување** | |
|---|---|---|
| | **Почеток** | **Крај** |
| **Метро спорт (спортски вести)-спонзорирано од Цевитана** (се кажува во најавна и одјавна шпица) | 09:09:00 | 09:10:14 |
| **Бизнис вести-спонзорирано од Капитол резиденс** (се кажува во најавна и одјавна шпица) | 10:09:06 | 10:10:57 |
| **Метро спорт (спортски вести)-спонзорирано од Цевитана** (се кажува во најавна и одјавна шпица) | 11:08:21 | 11:10:09 |
| **Бизнис вести-спонзорирано од Капитол резиденс** (се кажува во најавна и одјавна шпица) | 12:11:31 | 12:13:14 |
| **Метро спорт (спортски вести)-спонзорирано од Цевитана** (се кажува во најавна и одјавна шпица) | 13:08:33 | 13:10:03 |
| **Бизнис вести-спонзорирано од Капитол резиденс** (се кажува во најавна и одјавна шпица) | 14:08:37 | 14:10:18 |
| **Метро спорт (спортски вести)-спонзорирано од Цевитана** (се кажува во најавна и одјавна шпица) | 15:11:24 | 15:13:22 |
| **Бизнис вести-спонзорирано од Капитол резиденс** (се кажува во најавна и одјавна шпица) | 16:10:07 | 16:11:02 |
| **Метро спорт (спортски вести)-спонзорирано од Цевитана** (се кажува во најавна и одјавна шпица) | 17:10:04 | 17:11:11 |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 54 став 5 од Законот** за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на програмскиот сервис на радио Рос Метрополис-Скопје, на 11 март 2015 година, се емитувани спонзорирани спортски и бизнис вести.

9. **Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Радиодифузното трговско друштво РОС МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

*Сектор за програмски работи*